# ЛИСТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОБЕМОТ НА ОВЖС

## ПРАШАЊА ЗА КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА ПРОЕКТОТ

## ИНСТАЛАЦИЈА ЗА ИНТЕНЗИВНО СВИЊАРСТВО „АГРОСОФТ'' – ЛОЗОВО

## (СВИЊАРСКА ФАРМА ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ СВИЊИ-ГОЕНИЦИ СО КАПАЦИТЕТ ОД 3.000 МЕСТА ВО ЕДЕН ТУРНУС)

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определу-вањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| **1. Дали изградбата, работењето или затворањето на проектот ќе содржи активности кои ќе предизвикаат физички промени на локалитетот (топографија, користење на земјиштето, промени во водните тела итн.)?** | | | | |
| 1.1 | Трајна или привремена промена на употребата на земјиштето, на земјишната покривка или на топографијата, вклучително и зголемувања во интензитетот на употреба на земјиштето? | Да | Трајна промена на употребата на земјиштето. Проектот ќе опфати градежно уредување и подигање на нов објект на површина која досега се користела како земјоделско земјиште.<br>Промената на топографијата од фазата на градба ќе биде локална и привремена и ќе биде поврзана со изведбата на градежните работи | Промената на земјиштето е трајна (времетраењето на Договорот за закуп на земјиштето е 15 години), а промената на топографијата од работите во фаза на градење ќе биде локална и краткотрајна |
| 1.2 | Расчистување на постоечко земјиште, вегетација и градби? | Да | Ќе се појави потреба од расчистување на постоечката вегетација. Постоечки градби на површината нема. | Не |
| 1.3 | Создавање на нови употреби на земјиштето? | Да | Земјиштето досега се користело како земјоделско земјиште, а со проектот се менува неговата намена | Да |
| 1.4 | Предградежни испитувања, на пример ископ на дупки, тестирање на земјиштето? | Да | Природата на проектот бара хидрогеолошки истражувања заради влијанија врз подземни води и почва | Ископите за сите испитувања ќе се санираат со уредување на градежната парцела |
| 1.5 | Градежни работи? | Да | Предвидени се градежни работи за изведба на нов објект со бруто површина од 4.555,89m$^2$ | Нема да има значајни физички промени на локалитетот |
| 1.6 | Работи на рушење? | Не | / | / |
| 1.7 | Привремени локации што се користат за градежни работи или за сместување на градежни работници? | Не | Не се предвидува сместување на работниците на локацијата.<br>Привремени објекти ќе има за сместување на опрема и материјали со соодветна организација на градилиштето | Нема,<br>бидејќи по изградбата парцелата ќе се уреди соодветно. |
| 1,8 | Надземни градби, објекти или земјени насипи кои вклучуваат линеарни, т.е должински конструкции (далноводи, телефонски водови, железничка инфраструктура, автопати), ископ на земја и пополнување со земја или ископи за објекти? | Да | Објектот е надземен и се состои од хала за одгледување свињи, една лагуна за отпадни води и 12 силоса за сточна храна.<br>Ископ на темели се предвидени при изградбата на халата | Нема значителни промени, освен изградбата на самиот објект |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определу-вањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 1.9 | Подземни работи кои вклучуваат рударски активности или изградба на тунел? | Не | Единствено, предвидена е изведба под подот на објектот на систем од канали за одведувања на отпадните води од халата до лагуната, изведба на јама за закопување на умрени животни и ископ на бунар за потребите на објектот.<br>Тунели и рударски активности нема | Не |
| 1.10 | Работи на култивирање на неплодно земјиште? | Не | / | / |
| 1.11 | Копање со багер? | Да | Проектот предвидува машински ископ за темелење на објектот и придружните објекти и<br>Јамата за закопување на умрени животни ќе се копа машински | Ископот за темели е ограничен на определен простор и само во фаза на градба<br>Ископ на јама за закопување е во фаза на работење |
| 1.12 | Крајбрежни градби, на пр. ѕидови крај море, пристаништа? | Не | / | / |
| 1.13 | Крајбрежни објекти? | Не | / | / |
| 1.14 | Процеси на производство? | Да | Краен производ од производствениот процес се свињи од 95-110кг | Не |
| 1.15 | Објекти за складирање на стоки или материјали? | Да | Можно е подигање на времени објекти за складирање на материјали и опрема во текот на изградбата<br>Во фаза на работење ќе се складира сточна храна во 12 силоси пред халата | Не |
| 1.16 | Постројки за третман или отстранување на цврст отпад или течни ефлуенти? | Да | Третман на отпадни води не се предвидува<br>Планирана е изградба на септичка јама за отпадните води од административниот дел на објектот | Не<br>Со прописно одржување и редовно празенење на јамата не се очекуваат негативни последици |
| 1.17 | Објекти за долгорочно сместување на работници? | Не/Да | Во фаза на градба: не се предвидува сместување на работници<br>Во фаза на работење: дел од објектот е предвиден како административни простории за вработени лица | Не |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определувањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 1.18 | Нов копнен, железнички или поморски сообраќај за време на изградбата или работењето? | Не | / | / |
| 1.19 | Нова копнена, железничка, воздухопловна, водна или друга транспортна инфраструктура вклучувајќи и нови или изменети патишта и станици, пристаништа, аеродроми итн.? | Не | / | / |
| 1.20 | Затворање или пренасочување на постоечки транспортни патишта или инфраструктура, што доведува до промени на движењата во сообраќајот? | Не | / | / |
| 1.21 | Нови или пренасочени далноводи или цевководи? | Не | / | / |
| 1.22 | Зафаќање на водите, изградба на брана, подводен канал, прегрупирање или други промени на хидрологијата на водотеците или аквиферите | Не | / | / |
| 1.23 | Премини преку водотеци? | Не | / | / |
| 1.24 | Црпење или трансфери на вода од подземни или површински води? | Да | Предвидена е изведба на нов бунар | Не |
| 1.25 | Промени во водните тела или на површината на земјата кои влијаат врз одводот или истечните водиf? | Не | / | / |
| 1.26 | Транспорт на персонал или материјали за градба, работење или затворање на објект? | Да | Во фазата на изградба и инсталирање на опремата се очекува транспорт на работна сила, опрема и материјали<br>Во фаза на работење се предвидува транспорт на работници од околните населени места до објектот | Не |
| 1.27 | Долгорочна демонтажа или затворање на инсталација или работи на враќање во задоволителна состојба? | Не | При затворање на инсталацијата предвидени се работи за ремедијација на просторот и враќање во првобитната состојба кои ќе се извршат во определен временски рок, кој не е долгорочен. | Не |
| 1.28 | Тековна активност за време на затворањето којашто би можела да има влијание врз животната средина? | Да | Во случај на целосен или делумен престанок со работа на Инсталацијата ќе се врши оценка на остатоците на материјалите на локацијата, со цел да се минимизираат влијанијата врз животната средина по нејзиниот | Со придржување кон планираните активности од ризикот ќе биде сведен на минимум |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | престанок.<br>Контаминираност може да се појави на горниот слој на почвата на која се врши привремено одложување на ѓубривото од лагуните, почвата каде се врши закопување на умрените (угинати) животни, како и во лагуната, во кои се собираат отпадните води од објектите за одгледување на свињи. Во тој случај ќе се извршат потребни мерењаи анализи, а ако мерењата покажат контаминираност, истата ќе се третира на соодветно место надвор од локацијата и како чиста ќе се складира на депонијата за цврст отпад.<br>Ќе се извршат мерења на контаминираност на сите места каде има потенцијална опасност од контаминација и ќе се преземат горенаведените мерки, посебно при демонтажа на системот за канализациона мрежа за одвод на отпадните води. | |
| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определу-вањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
| 1.29 | Прилив на луѓе во одредена област било привремено било трајно? | Не | / | / |
| 1.30 | Внесување на туѓи (надворешни) видови | Не | / | / |
| 1.31 | Губење на автохтони видови или генетска разновидност? | Не | / | / |
| 1.32 | Некои други активности? | Не | / | / |
| **2. Дали при изградбата или работењето на проектот ќе се користат природни ресурси како што се земјиште, вода, материјали или енергија, а особено ресурси што не се обновливи или се оскудни?** | | | | |
| 2.1 | Земјиште, особено неуредено или земјоделско земјиште? | Да | Објектот ќе се гради на земјоделско земјиште кое порано се користело за одгледување на житни култури. | Објектот и просторот околу него ќе биде комплетно уреден |
| 2.2 | Вода? | Да | При изградбата ќе се користи вода според потребите<br>При работењето на инсталацијата редовно ќе се користи вода од нов бунар | Не |
| 2.3 | Минерали? | Не | / | / |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определу-вањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/ ? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 2.4 | Агрегати (песок, чакал, дробен камен)? | Да | При изградбата на објектот | Не |
| 2.5 | Шуми и дрвја? | Не | / | / |
| 2.6 | Енергенси, вклучително електрична енергија и горива? | Да | При изградба ќе се користи електрична енергија и горива за возилата и механизацијата<br>Во фаза на работење ќе се користи електрична енергија, а се планира користење и на обновливи извори енергија (сончеви колектори) | Не |
| 2.7 | Други ресурси? | Не | / | / |
| **3. Дали проектот ќе опфати употреба, чување, транспорт, постапување со или производство на супстанции или материјали што би можеле да бидат штетни по здравјето на луѓето или по животната средина, или што би предизвикале загриженост во врска со реални или перцепирани ризици по здравјето на луѓето?** | | | | |
| 3.1 | Дали проектот ќе опфати употреба на супстанции или материјали што се опасни или токсични по човековото здравје или животната средина (флора, фауна, водоснабдување)? | Да | Во фаза на работење ќе се користат:<br>-ветеринарни препарати: Витамински препарати (витамини и минерали) - Вакцини - Лекови (антибиотици, хемотерапевтици, антихелминтици) и<br>-средства за ДДД заштита (дезинфекција, дезинсекција, дератизација) и | Употребата на ветринарните препарати ќе биде под надзор на ветеринарен лекар и овластена ветеринарна амбуланта<br>-Примената на ДДД заштитни средства ќе биде според упатствата за употреба и под надзор на задолжено лице |
| 3.2 | Дали проектот ќе резултира со промени во појавата на болести или ќе ги засегне векторите на болеста (на пр. болести што се пренесуваат преку инсекти или вода)? | Не | Во просториите за одгледување на свињите ќе постојат строго контролирани санитарни услови за заштита од болести кон и од фармските животни.<br>Предвидени се задолжителни безбедносно-санитарни бариери при влез и излез од објектот | Не |
| 3.3 | Дали проектот ќе има влијание врз добросостојбата на луѓето, на пример преку промена на животните услови? | Не | / | / |
| 3.4 | Дали постојат некои особено вулнерабилни групи на луѓе кои би можеле да бидат засегнати од проектот, на пр. болнички | Не | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | пациенти, стари лица? | | | |
| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определу-вањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
| 3.5 | Некои други причини? | Не | / | / |
| **4. Дали проектот ќе произведува цврст отпад за време на изградбата, работењето или затворањето на инсталацијата?** | | | | |
| 4.1 | Јаловина или рударски отпад? | Не | / | / |
| 4.2 | Комунален отпад (отпад од домаќинства или комерцијален отпад)? | Да | Во фазата на изградба ќе се создава комунален отпад како резултат на ангажманот на работна градежна сила на локацијата.<br><br>Во оперативната фаза ќе се создава измешан комунален отпад (комерцијален) | Во фаза на градба ќе бидат поставени контејнери кои ќе се празнат по потреба и отпадот ќе се траснпортира од општинско комунално претпријатие<br><br>Во фаза на работење ќе се склучи договор за собирање и транспорт на неопасен комунален (комерцијален) отпад со ЈКП од Општина Лозово |
| 4.3 | Опасен или токсичен отпад (вклучувајќи и радиоактивен отпад)? | Да | Во фаза на работење ќе се создава опасен медицински отпад од ветеринарни препарати (отпад од пакување)<br><br>Проектот нема да создава радиоактивен отпад | Медицинскиот отпад одделно ќе се чува, собира и складира во посебни садови, на утврдено собирно место, без да се меша со другите видови отпад.<br><br>Ќе се предава на овластено правно лице со важечка дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад. |
| 4.4 | Друг отпад од индустриски процеси? | Да | Животински измет од свињи, урина и ѓубриво, мил од миење и чистење на просториите со свињи, отпад од животинско ткиво (трупови од умрени животни) | Преку посебен систем за одведување, суспензијата од вода и животински измет и урина, како и водата од чистењето на просториите со свињи ќе се одведува до лагуната (отворен бетонски базен). По исполнувањето, со механизација ќе се повлекува (собира) и транспортира до земјоделски површини како органско ѓубриво или ќе се носи во биогасна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | централа.<br>Отпадот од животинско ткиво (умрени животни) ќе се закопува по посебна процедура во јама во кругот на инсталацијата. По изградба на кафилерија ќе се носат и третираат таму. |
| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определу-вањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
| 4.5 | Вишок на производи? | Не | / | / |
| 4.6 | Мил од отпадни води или други видови мил од третман на ефлуент? | Да | Мил од миење и чистење на објектите за одгледување на свињи | Преку систем од одводни канали ќе се одведуваат до заедничката лагуна (отворен бетонски базен) |
| 4.7 | Градежен шут или отпад од активности на рушење објекти? | Да | Во фаза на градење: шут од градење (вклучувајќи ископана земја), бетон, цигли, керамиди и керамика, дрво, стакло и пластика, апсорбенси, платна за бришење, пакување од хартија и картон, пакување од пластика<br>По затворањето на објектот градежниот шут ќе биде соодветно собран и транспортиран до депонија за инертен отпад | Не, со примена на законски утврдени управувања со отпадот |
| 4.8 | Вишок (излишни) машини или опрема? | Не | / | / |
| 4.9 | Контаминирано земјиште или друг материјал? | Да | Умрените животни ќе се закопуваат во посебна јама на оградена локација во границите на инсталацијата по утврдена процедура со НДТ и најмал ризик за контаминација на земјиштето. Локацијата ќе биде утврдена после хидрогеолошките истражувања. | Со придржување до утврдените оперативни процедури, факторот на влијание ќе биде сведен на минимум |
| 4.10 | Отпад од земјоделски активности? | Не | / | / |
| 4.11 | Некој друг цврст отпад? | Да | Отпад од пакување од хартија/картон, отпад од пластика, метален отпад | Отпадот од пакување (хартија/картон и од пластика) и металниот отпад ќе се селектира во посебни садови и ќе се предава на овластени правни лица |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определу-вањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| **5. Дали проектот ќе испушта загадувачки материи или некои опасни, токсични или штетни супстанции во воздухот?** | | | | |
| 5.1 | Емисии од согорување на фосилни горива од стационарни или мобилни извори? | Не | / | / |
| 5.2 | Емисии од производни процеси | Да | Од просториите со свињи преку вентилациски испусти (отвори):<br>Ќе постои емисија на компоненти во атмосферата со материи кои се продукт од распаѓање на органски материи, физиолошки процеси на животните (респираторни гасови, прашина од движење на животните, од манипулација со храна)<br>Од отворената собирна бетонска лагуна: емисии од минерализација и стабилизација на органската материја<br>Миризба од просториите во кои се одгледуваат свињите | Со примена на утврдени процедури ќе се минимизира влијанието:<br>Идентификација и регистрирање на извори на загадување<br>Мониторинг на квалитетот на емисиите во воздух<br>Редовно одржување на хигиена во просториите со свињи<br>Редовно празнење и чистење на лагуната |
| 5.3 | Емисии од постапки со материјали што вклучуваат чување или транспорт? | Не | / | / |
| 5.4 | Емисии од градежни активности вклучувајќи ги погонот и опремата? | Да | Краткотрајни емисии во воздух, прашина и издувни гасови од механизацијата и транспортните возила при машинско чистење на теренот, отстранување на површинскиот слој и ископ на темели | Со оградување на градилиштето и примена на најдобри градежни пракси (навлажнување на земјиштето, покривање со церади, утврдување на најкратни траектории итн) ќе се намали влијанието од емисиите |
| 5.5 | Прашина или миризби од постапувањето со материјали вклучувајќи градежни материјали, отпадни води и отпад? | Да | Прашина од градежни работи<br>Прашина од чистење на производните хали<br>Прашина од манипулација со сточна храна<br>Миризба од отпадни води од производни хали<br>Миризба од отворена бетонска лагуна | Со примена на НДТ ќе се минимизира прашината и миризбите |
| 5.6 | Емисии од инцинерација на отпад? | Не | / | / |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определу-вањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 5.7 | Емисии од горење на отпад на отворен простор (на пр. искинати материјали, градежен шут)? | Не | / | / |
| 5.8 | Емисии од некои други извори? | Не | / | / |
| **6. Дали проектот ќе предизвика бучава и вибрации или ослободување на светлина, топлинска енергија или електромагнетни зрачења?** | | | | |
| 6.1 | Од работењето на опремата, на пример мотори, вентилациска постројка, дробилки? | Не | Не се очекува емисија на зголемени нивоа од бучава. Во оперативна фаза ќе потекнува од:<br>Ракување со добиточна храна (функционирање на транспортните системи за дотур на добиточна храна од силосите во хранилките)<br>Манипулација со животните<br>Работење на системите за вентилација за отстранување на респирабилната прашина и отпадните гасови од физиолошките процеси на свињите<br>Ракување со свинското ѓубриво<br>Ослободување на светлина, топлинска енергија и електромагнетни зрачења не се очекуваат | Проектот се наоѓа во Подрачје од IV степен на бучава.<br>Поради оддалеченоста на рецепторите не се очекува значаен ефект<br>Опремата ќе се одржува во исправна состојба<br>Ќе се врши мониторинг на ниво на бучава |
| 6.2 | Од индустриски или слични процеси? | Не | / | / |
| 6.3 | Од градежни работи или работи на рушење? | Да | Во фазата на изградба се очекува бучава и вибрации од работата на градежната механизација. | Поради краткотрајниот карактер и оддалеченоста од рецептори не се очекува значаен ефект. |
| 6.4 | Од експлозии или натрупување? | Не | / | / |
| 6.5 | Од градежни активности или сообраќај во функција на работата? | Да | Во фазата на изградба се очекува бучава и вибрации од работата на градежната механизација, временски и локално ограничена | Поради краткотрајниот карактер и оддалеченоста од рецепторите не се очекува значаен ефект. |
| 6.6 | Од системи за осветлување или разладување? | Не | Ќе бидат инсталирани современи системи | Не |
| 6.7 | Од извори на електромагнетно зрачење (да се земат предвид влијанијата врз блиската чувствителна опрема и врз луѓето)? | Не | / | / |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определу-вањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 6.8 | Од некои други извори? | Не | / | / |
| **7. Дали проектот ќе доведе до ризици од контаминација на земјиштето или водата од испуштања на загадувачки материи врз земјиштето или во површинските води, крајбрежните води или морето?** | | | | |
| 7.1 | Од постапување со, чување, употреба или прелевање на опасни или токсични материјали? | Не | Опасниот отпад кој ќе потекнува од пакување на медицински отпад одделно ќе се собира и складира во специјални садови на посебно собирно место | Не.<br>Врз основа на склучен договор ќе се предава на овластено правно лице |
| 7.2 | Од испуштање на отпадни води или други ефлуенти (третирани или нетретирани) во вода или во земја? | Не | Нетретираните отпадни води од производната хала ќе се одведуваат во бетонската лагуна со непропусни ѕидови.<br>Отпадните санитарни води од административниот дел ќе се одведуваат во септичка јама во границите на инсталацијата | Бетонската лагуна редовно ќе се одржува и празни<br>Септичката јама редовно ќе се чисти и празни врз основа на склучен договор |
| 7.3 | Преку таложење на загадувачки материи емитирани во воздухот на земја или во вода? | Не | / | / |
| 7.4 | Од некои други извори? | Не | / | / |
| 7.5 | Дали постои ризик од долготрајна акумулација на загадувачки материи во животната средина од овие извори | Не | / | / |
| **8. Дали постои ризик од несреќи за време на изградбата или работењето на проектот кои би можеле да влијаат врз човековото здравје или животната средина?** | | | | |
| 8.1 | Од експлозии, прелевања, пожари итн; од чување, постапување со, употреба или производство на опасни или токсични супстанции? | Да | Ризикот се состои во можност од појава на пожар и несреќа на работно место | Ќе биде планиран и воспоставен систем на безбедносни мерки, согласно барањата за овој вид на активност |
| 8.2 | Од настани надвор од границите на вообичаената заштита на животната средина, на пр. откажување на системите за контрола на загадувањето? | Не | / | / |
| 8.3 | Од некои други причини? | Не | / | / |
| 8.4 | Дали проектот би можел да биде засегнат од природни катастрофи кои предизвикуваат штети врз животната средина (на пр. поплави, земјотреси, лизгање на земјиштето итн.)? | Не | / | / |

| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определу-вањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
|---|---|---|---|---|
| 9. **Дали проектот ќе доведе до социјални промени, како на пример во однос на демографијата, традиционалниот начин на живот, вработеноста?** | | | | |
| 9.1 | Промени во големината, возраста, структурата на населението, социјалните групи итн? | Не | / | / |
| 9.2 | Преку преселба на луѓе или рушење на домови или населби или на објекти во населбите, на пример училишта, болници, социјални установи? | Не | / | / |
| 9.3 | Преку населување на нови жители или создавање на нови населби? | Не | / | / |
| 9.4 | Преку упатување на поголеми барања до локалните установи или служби, на пример во врска со домувањето, образованието, здравството? | Не | / | / |
| 9.5 | Преку создавање нови работни места за време на изградбата или работењето или предизвикување појава на губење на работни места со последици по невработеноста и економијата? | Да | Проектот ќе отвори нови работни места за локалното население | Да, ќе ја подобри економската состојба на жителите од околните населени места |
| 9.6 | Некои други причини? | Не | / | / |
| **10. Прашање - Дали постојат и други фактори што треба да се земат предвид како на пример последователниот развој којшто би можел да доведе до влијанија врз животната средина или до можност за кумулативни влијанија со други постоечки или планирани активности на локалитетот?** | | | | |
| 10.1 | Дали проектот ќе доведе до притисок за последователен развој кој би можел да има значително влијание врз животната средина, како на пример поголем број живеалишта, нови патишта, нови помошни индустрии или установи итн.? | Не | / | / |
| 10.2 | Дали проектот ќе доведе до создавање на помошни установи или до развој поттикнат од проектот кои би можеле да имаат влијание врз животната средина, како на пример: • помошна инфраструктура (патишта, снабдување со електрична енергија, третман на отпад или отпадни води итн.) • изградба на живеалишта • екстрактивни индустриски дејности • дејности на | Не | / | / |

| | снабдување • други? | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр. | Прашања што треба да се земат предвид во определувањето на обемот на ОВЖС | Да/Не/? | Кои карактеристики од проектното опкружување би можеле да бидат засегнати и како? | Дали постои веројатност ефектот да биде значаен? Зошто? |
| 10.3 | Дали проектот ќе доведе до грижа за локацијата по престанокот на работата на инсталацијата којашто би можела да има влијание врз животната средина? | Не | Во случај на целосен или делумен престанок со работа на Инсталацијата ќе се врши оценка на остатоците на материјалите на локацијата, со цел да се минимизираат влијанијата врз животната средина по нејзиниот престанок.<br>Контаминираност може да се појави на горниот слој на почвата на која се врши привремено одложување на ѓубривото од лагуните, почвата каде се врши закопување на умрените (угинати) животни, како и во лагуната, во кои се собираат отпадните води од објектите за одгледување на свињи. Во тој случај ќе се извршат потребни мерењаи анализи, а ако мерењата покажат контаминираност, истата ќе се третира на соодветно место надвор од локацијата и како чиста ќе се складира на депонијата за цврст отпад.<br>Ќе се извршат мерења на контаминираност на сите места каде има потенцијална опасност од контаминација и ќе се преземат горенаведените мерки, посебно при демонтажа на системот за канализациона мрежа за одвод на отпадните води | Ќе биде изработен План за управување со резидуи, кој ќе опише како локацијата ќе биде доведена во задоволителна состојба во случај на целосен престанок со работа |
| 10.4 | Дали проектот ќе постави преседан за идни случувања? | Не | / | / |
| 10.5 | Дали проектот ќе има кумулативни ефекти поради близината до други постоечки или планирани проекти со слични влијанија? | Да | На истата КП предвидена е изградба на Свињарска фарма на Друштвото за производство, трговија и услуги ВЕЛМОНД ГРУП ДОО Велес, со капацитет од 450 маторици.<br>Двете фарми кои ќе бидат позиционирани на мало меѓусебно растојание ќе бидат технолошки поврзани.<br>Треба да се има во предвид кумулативното дејство од нивното | Не се очекуваат значителни негативни ефекти со примена на предвидените заштитни мерки и активности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | функционирање во градежната и во оперативната фаза.<br><br>Во границите на истата КП веќе функционира постоечка свињарска фарма на Агрософт Лозово, за која е добиена Б-ИЕД | |

Велес, 29.01.2026г.

Изработил:
м-р Антоанета Стојанова

**ДППЗП АГРОСОФТ ДООЕЛ ЛОЗОВО**
Управител
Марија Стојанова